Заштитно друштво за производство
и трговија МАК-МИНЕРАЛ ДООЕЛ
БР 03-06
01.03. 20 18 год.
Битола

Трговско друштво за производство, промет
и услуги АКДИЗ ДОО увоз-извоз
Бр. 0307-88/4
01.03. 2018 год
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за техничко водење и надзор на изведување на рударски работи

Склучен на 01.03.2018 година помеѓу:

1. Мак-Минерал ДООЕЛ, со седиште во на ул.Епинал бр. 51, Битола, со ЕМБС 5126843, застапувано од овластеното лице Александар Стојановски како нарачател и

2. **АКДИЗ ДОО - Скопје**, со седиште на ул. Саса4 бр. 2в, Скопје, со ЕМБС 4426371, застапувано од управителот Ивица Кузмановски како извршител;

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на договор е техничко водење и надзор на изведување на рударски работи на експлоатација на вода и С02 "_______________" на локалитет во с.Кременица, општина Битола.

**Член 2**

Нарачателот поседува Дозвола за експлоатација на минерална суровина-минерална вода и јагленороден двооксид на локалитет во. с.Кременица, општина Битола.
Извршителот има овластени лица и тоа **м-р Климе Арсов**, дипл. руд. инж. кој поседува Лиценца со бр. 54 за изработка на рударски работи и **Зоран Кузмановски** дипл. руд. инж со Лиценца бр. 78 кои ги имаат потребните предиспозиции и искуство во согласност со Законот за минерални суровини да вршат техничко водење и надзор на изведување на рударски работи.

**Член 3**

Извршителот за потребите на Нарачателот со горенаведеното стручно лице кое ги исполнува потребните законски услови согласно Законот за минерални суровини и кое има потребни квалификации и знаење ќе врши техничко водење на рударските работи на горенаведената концесија.